Перутнина Птуј ДООЕЛ Скопје, членка на групацијата Перутнина Птуј ДОО Словенија, лидер во регионот за производство на месо и производи од месо од живина, има потреба од вработување на

# Key account manager

**Отворени позиции: 1**

**Локација:** Скопје

**Клучни одговорности и работни задачи:**

- Учествува во подготовката и имплементацијата на продажната политика на Перутнина Птуј ДООЕЛ Скопје за клучните клиенти;
- Го подготвува и спроведува месечниот и годишниот план за продажба на клучните клиенти;
- Планира и координира продажни активности за клучните клиенти;
- Се грижи за позиционирање на месото и производите од месо од живина во малопродажните објекти на клучните клиенти;
- Дава предлози и иницијативи за промена на продажниот план, стратегијата за продажба, продажните активности, организацијата, развојот на нови артикли, развојот на асортиманот за клучните клиенти;
- Подготвува понуди за нови производи и договори за продажба за клучните клиенти;
- Одговорен е за одржување на добри деловни односи и угледот на Перутнина Птуј кај клучните клиенти;
- Одговорен е за економично работење со клучните клиенти;
- Одговорен е за плаќањата (наплатата) од клучните клиенти;
- Учествува во подготовка и реализација на нарачките до производствените објекти во рамки на Групацијата.

**Потребни квалификации:**

- Високо образование – Економски факултет;
- Работно искуство на иста позиција во FMCG индустријата (храна) од најмалку 3 години;
- Познавање на пазарот на живинско месо и производи од живина ќе се смета за предност;
- Одлично познавање на MS Office, особено Excel и PowerPoint;
- Активно користење на српски или англиски јазик;
- Возачка дозвола од Б категорија.

**Профил на кандидатот:**

- Аналитичен, иновативен, педантен, и проактивен;
- Способен за решавање на проблеми, и ориентиран кон резултати;
- Поседува одлични комуникациски вештини, и подготвен е за работа во тим;
- Има желба и способност за учење и развивање;
- Има изразено чувство за лична одговорност, совесност и самомотивираност.

**Компанијата Ви нуди:**

- Работа во реномирана странска компанија, со традиција која трае повеќе од 115 години;
- Пријателска и стимулативна работна атмосфера, во млад и докажан тим;
- Пазарни и стабилни приходи, и можност за напредување;
- Одлични можности за континуиран личен и професионален раст и развој;
- Исполнување на сите законски обврски на работодавачот;
- Работно време од 08:00 до 16:00, од понеделник до петок.

Доколку сакате предизвици, и имате позитивен и професионален пристап кон работата, Ве повикуваме да ги испратите Вашата **професионална биографија и мотивациско писмо на македонски јазик** на boldconsulting@outlook.com со назнака "Key account manager" во насловот на пораката. Огласот е отворен 15 дена од датумот на објавување.

**Напомена:**
Апликациите без приложени документи (**биографија и мотивациско писмо**) нема да бидат разгледувани. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани.
Сите апликации ќе бидат третирани со строга доверливост. Со самото аплицирање кандидатот се согласува неговите лични податоци наведени во апликацијата да бидат чувани во базата на податоци и обработувани од Перутнина Птуј ДООЕЛ Скопје во рок од 1 година од денот на истекот на рокот за избор. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци согласно Законот за заштита на лични податоци.